РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Skopje
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 17.07.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 4780/1 | 0 | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за меѓународна и привремена заштита, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Бојан Стојаноски
Бране Петрушевски
Мартин Стојановски
Катерина Димитровска
Александра Николовска
Емилија Антонова

Предлагач: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕЃУНАРОДНА И ПРИВРЕМЕНА ЗАШТИТА,
по скратена постапка

Скопје, јули 2026 година

В О В Е Д

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за меѓународна и привремена заштита (*) („Службен весник на Република Македонија" број 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 45/25), се уредуваат условите и постапката за добивање на право на меѓународна заштита (право на азил), како и престанок, укинување и поништување на право на азил на странец или лице без државјанство, како и правата и должностите на барателите на право на азил и лицата на кои им е признаено право на азил во Република Северна Македонија. Со Законот исто така се уредуваат и условите според кои Република Северна Македонија може да даде привремена заштита, како и правата и должностите на лицата под привремена заштита.

Во Република Северна Македонија, привремената заштита е уредена со наведениот закон кој предвидува дека нејзиното вкупно времетраење не може да биде подолго од три години. Имено, согласно член 82 став (1), привремена заштита може да се обезбеди во случај на масовен прилив на лица кои доаѓаат од држава во која нивните животи, безбедност или слобода се загрозени поради војна, окупација, граѓанска војна, внатрешен вооружен конфликт или масовно кршење на човековите права. Ставот (2) предвидува дека пред истекот на периодот на привремената заштита Владата врши преиспитување на постоењето на околностите кои довеле до нејзино воведување и одлучува за продолжување или прекин на привремената заштита. Со ставот (3) се утврдува дека привремената заштита во Република Северна Македонија трае една година. Вкупното траење на привремената заштита не е подолго од три години.

Со наведеното законско решение не е предвидена ситуација во која причините што довеле до воведување на привремената заштита продолжуваат да постојат и по истекот на максималниот рок од три години.

Имајќи го предвид наведеното, со предложената измена на Законот за меѓународна и привремена заштита се овозможува продолжување на привремената заштита и по истекот на максималниот рок од три години, а врз основа на исклучителни случаи кога таква одлука е донесена на ниво на Европската Унија (Одлука на Советот на ЕУ (2025/1460) од 15 јули 2026 година, со која се продолжува давањето на привремена заштита за државјаните на Украина до 4 март 2027 година).

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за меѓународна и привремена заштита, се заснова врз истите начела врз кои е заснован Законот за меѓународна и привремена заштита.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на Закон не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со оглед на тоа што не се работи за обемен и сложен закон, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, се предлага овој закон да се донесе по скратена постапка.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕЃУНАРОДНА И ПРИВРЕМЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Законот за меѓународна и привремена заштита (*) („Службен весник на Република Македонија" број 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 45/25), во член 82 во ставот (3) точката на крајот од втората реченица се заменува со запирка и се додаваат зборовите „освен доколку Владата донесе одлука за случај во кој Советот на Европската Унија утврдил постоење на масовен прилив на лица.".

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за меѓународна и привремена заштита содржи два члена.

Со членот 1 се врши изменување и дополнување на членот 82 од Законот со кој се уредуваат условите за добивање привремена заштита. Имено, со оглед дека не е предвидена ситуација во која причините што довеле до воведување на привремената заштита продолжуваат да постојат и по истекот на максималниот рок од три години, со предложената измена се овозможува продолжување на привремената заштита и по истекот на максималниот рок од три години, Во таа смисла, во членот 82 став (3) од законот се предлага дополнување во насока на предвидување можност Владата со одлука да може да го продолжи рокот на привремената заштита, врз основа на одлука на Советот на Европската Унија за постоење масовен прилив на лица.

Со членот 2 се уредува влегувањето во сила на овој закон.

II. МЕЃУСЕБНАТА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се во насока на создавање правна основа за продолжување на привремената заштита за државјаните на Украина и по истекот на максималниот рок од три години, а врз основа на исклучителни случаи кога таква одлука е донесена на ниво на Европската Унија. (Одлука на Советот на ЕУ (2025/1460) од 15 јули 2026 година, со која се продолжува давањето на привремена заштита за државјаните на Украина до 4 март 2027 година).

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со усвојување на предложениот закон ќе се овозможи продолжување на привремената заштита и по истекот на максималниот рок од три години, по донесена одлука од страна на Владата врз основа на одлука на Советот на Европската Унија за постоење масовен прилив на лица.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА МЕЃУНАРОДНА И ПРИВРЕМЕНА ЗАШТИТА ШТО СЕ ИЗМЕНУВААТ, ОДНОСНО ДОПОЛНУВААТ

Услови за добивање привремена заштита
Член 82

(1) Во случај на масовен прилив на лица кои непосредно доаѓаат од држава во која нивните животи, безбедност или слобода се загрозени со војна, граѓанска војна, окупација, внатрешен конфликт пропратен со насилство или масовно кршење на човековите права, Владата може да им даде привремена заштита.

(2) Владата, пред истекот на периодот од привремената заштита, го преиспитува постоењето на околностите од ставот (1) на овој член и одлучува за продолжување или прекин на привремената заштита.

(3) Привремената заштита во Република Северна Македонија трае една година. Вкупното траење на привремената заштита не е подолго од три години.